**Известување за концентрација со која Клеверланс Германија ГмбХ Бремен, Германија има намера да стекне целосна контрола врз ИТинера проект & експертс ГмбХ & Цо. КГ Ешборн, Германија**

**(предмет бр. 08-173/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.12.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Клеверланс Германија ГмбХ (Cleverlance Deutschland GmbH) со седиште на Едуард-Шопф-Алле 1а, Бремен, Германија, целосно контролирано од ККЦГ Групацијата (KKCG Group) има намера да стекне целосна контрола врз ИТинера проект & експертс ГмбХ & Цо. КГ (ITinera projects & experts GmbH & Co. KG) со седиште на Мергентхалераллее 79-81, 65760 Ешборн, Германија.

Клеверланс Германија ГмбХ обезбедува сеопфатни ИТ услуги и решенија. Клеверланс е индиректна подружница на KKCG Technologies s.r.o. што е директно контролирано од KKCG AG. KKCG AG е холдинг компанија која стекнува и управува со акции во оперативни компании.

Групацијата ККЦГ е приватна инвестициска групација која е застапена во следните области:

- лотарија и забава: работа на лотарии и игри за обложување, грепки и платформи за онлајн игри;
- енергија: особено, истражување и производство, дупчење и услуги, складирање енергија, тргување, снабдување и обновлива енергија;
- технологија: обезбедување на ИТ услуги, инвестиции во технолошки старт-ап и истражување и развој („ИиР“) и продажба на иновативни медицински уреди за да им се помогне на пациентите да останат активни и самодоволни (биотехнологии); и
- недвижен имот: комерцијален и резиденцијален развој.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Киншифт ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус ДООЕЛ Скопје со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и

- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации Киншифт Академи ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

ИТинера е компанија која развива стратегии за оптимизирање на деловните процеси на нивните клиенти, планирање, развивање, спроведување и тестирање на индивидуални ИТ решенија и преземање на управувањето и организацијата на проекти.

ИТинера проект & експертс ГмбХ & Цо. КГ нема присуство во Република Северна Македонија.

Релевантниот пазар на концентрацијата е пазарот на услуги од информатичка технологија („ИТ“) во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.12.2023 година
Скопје